Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "PMakedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.02-545/1
01-03-2024 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Член 36, став 1, алинеја 18 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.02.2024 година го донесе следниот

# АКЦИСКИ ПЛАН
## за спроведување на препораките на Европската Унија упатени до Судскиот совет на Република Северна Македонија

Имајќи го предвид Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година објавен од Европската комисија на 8 ноември 2023 година,[1] во насока на надминување на нотираните состојби, Судскиот совет во наредниот период ќе се залага за заштита на интегритетот, независноста и професионалноста на судиите и на институциите и ќе се спротивстави на секое надворешно влијание. Воедно основна заложба за Судскиот совет останува неговата транспарентност и ефикасност.

Повикувајќи се на Извештајот на Оценската мисија на Европската Унија за функционирањето на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот ќе се насочи кон подобрување на процесот на избор, именување и одговорност на судиите и членовите на Судскиот совет, како и подобрување на транспарентноста, комуникацијата и управувањето со ресурсите на Советот.

Потврдувајќи ги заложбите за спроведување на националната Развојна секторска стратегија за правосудството (2024-2028),[2] ќе се преземат мерки и активности преку кои Судскиот совет понатаму ќе ја зголеми својата транспарентност. Зголемувањето на квалитетот на правдата, зајакнувањето на механизмите за избор, унапредувањето и одговорноста на лицата што вршат функции во правосудниот систем, унапредувањето

[1] https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117
[2] https://pravda.gov.mk/resursi/12

на системот на прибирање, обработката и анализата на судската статистика е од особено значење за судството кое треба да е ефективно заштитено од каков било ризик или перцепција на несоодветно влијание.

Во периодот јануари-февруари 2024 година, членовите на Судскиот совет ги разгледаа сите наведени документи и донесоа заклучок дека тие се релевантни, целисходни и содржат насоки за унапредување на капацитетот на Советот. Беше утврдено дека за спроведување на препораките на Европската Унија упатени до Судскиот совет потребно е да се усвои овој посебен Акциски план, кој претставува продлабочување на мерките и активностите предвидени во Развојната секторска стратегија за правосудството (2024-2028) и нејзиниот Акциски план.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Претседател**
**Весна Дамева**

| ПРЕПОРАКА | АКЦИСКИ МЕРКИ | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ТИМ | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕХ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Избори и именувања** | | | | | |
| 1. Да се забрза процесот на оценување на работата во однос на унапредувањето на судиите за да се пополнат одредени позиции во судството побрзо. Да не се чека предолго за да се пристапи кон оценување на моменталниот нов систем и да се направат прилагодувања каде што е потребно. | 1. Проверка и споредба на податоците од судовите и Судскиот совет (препорака до судовите во врска со констатираните пропусти, состанок со Едусофт и ИКТ за усогласување на податоци) | 1. Работна група за подзаконски акти<br>ИТ експерти од ЕУ проект | 1. Финансиски средства за Едусофт. Вработување на информатичар и статистичар | 1. Јуни 2024 | 1. Усогласени податоци |
| | 2. Измени на подзаконските акти (Методологија за квантитативно и квалитативно оценување, редовно и вонредно оценување, за унапредување, за претседатели и др. акти)<br><br>3. Судиите навремено да ги внесуваат податоците во АКМИС<br><br>4. Изнаоѓање на решение за примена на законската одредба за психолошките тестови во соработка со | 2. Работна група за подзаконски акти на Судскиот совет.<br><br>3. Укажување до претседателите на судовите и раководителите на одделенија<br><br>4. Допис до Владата | 2. ЕУ проект за настан(и) и експерт(и)<br><br>3. Претседател на Судски совет<br><br>4. Претседател на Судски Совет | 2. Јули 2024<br><br>3. Април 2024<br><br>4. Март 2024 | 2. Усвоени измени<br><br>3. Број на известени судови<br><br>4. Испратен допис |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Владата (меѓународен сертификат, лиценцирана установа) | | | | |
| 2. Образложувајте ги одлуките за именување, особено ако судиите кои се прво-рангирани не се избрани, и Судскиот совет дава предност на кандидат со пониско рангирање на листата. Одлуките треба да бидат индивидуализирани, да се засноваат на објективни стандарди, да бидат конзистентни и компаративни. Стандардните образложенија не треба да се користат во процесот. Во спротивно, исто така станува тешко за неуспешниот кандидат да се жали на одлука пред Жалбениот совет при Врховниот суд. Ова не е добро за довербата во независноста на Судскиот совет и може да ги обесхрабри судиите од поднесување кандидатури. | Активно учество на членовите на Судскиот совет при одлучување за избор и унапредување. Секоја одлука за избор да содржи образложение, според кажаното на седницата. Образложението да биде според препораката. | Судски совет и Стручна служба | Времето потребно за изготвување на одлуката | Декември 2024 | Образложени одлуки |
| 3. Образложете ги одлуките на погоре опишаниот начин и од истите причини, кога одлуката е донесена да не се избере ниту еден од кандидатите рангирани за судиска функција. | Активно учество на членовите на Судскиот совет при одлучување за избор и унапредување. Секоја одлука за неизбор да содржи образложение, според кажаното на седницата. Образложението да биде според препораката. | Судски совет и Стручна служба | Време за изготвување на одлуката | Декември 2024 | Образложени одлуки за неизбор |
| 4. Преиспитајте го системот за гласање. Суспендирањето на понатамошното | Подготовка на амандман за измени на Член 49 од | 1. Судски совет | / | Декември 2024 | Амандман на Законот за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| гласање откако ќе бидат избрани толку кандидати колку што е најавено во огласот не е добра работна процедура. Тоа ги лишува преостанатите рангирани кандидати од шансата да бидат избрани и да добијат поголем број на гласови. | Законот за судскиот совет и испраќање до Работната група при Министерството за правда | 2. Работна група при Министерство за правда | | | Судскиот совет |
| 5. Правилно применувајте ги причините предвидени во законот во врска со привремениот трансфер на новоизбраните судии во друг суд. Сегашните практики исто така може да ги обесхрабрат луѓето да станат судии бидејќи нивните легитимни очекувања не можат да се исполнат, додека всушност има голема потреба од судски кандидати во Северна Македонија. | Делумно имплементирано. Во иднина одлуките ќе бидат дополнително индивидуализирани и образложени. | Судски совет и Стручна служба | / | Декември 2024 | Нови одлуки |
| **Дисциплински постапки** | | | | | |
| 6. Да се утврдат рокови во врска со дисциплинските постапки, особено по подготвувањето и предавањето на извештајот од Комисијата на известители на членовите на Судскиот совет. | Дополнување на Член 28 од Деловникот на Судскиот совет за утврдување на рок од 15 дена. | Работна група на Судскиот совет за подзаконски акти | / | Април 2024 | Измена на Деловникот |
| **Транспарентност и комуникација** | | | | | |
| 7. Зголемете ја транспарентноста на работните процеси на Судскиот совет и почитувајте ја јавната достапност на седниците како што е предвидено со закон. Навремено објавувајте седници, избегнувајте организирање итни седници за неитни работи, избегнувајте затворени седници и/или излегување и | 1. Делумно имплементирано (видео-пренос, јавност, објава на агенда) | Претседател на Судски совет Стручна служба | 1. Договор со МИА за видео пренос на седниците на интернет | Декември 2024 | 1. Број на објавени видеа од седници, број на набљудувачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| враќање на членовите на советот за време на поинтензивните дискусии. | 2. Нотирање на неоправдано отсуство, напуштање и враќање на седницата на записник | | | | 2. Извештаи од седници |
| 8. Вклучете го Здружението на судиите во дискусијата за годишниот извештај на Судскиот совет со барање на нивниот (необврзувачки) совет. Истражете ја можноста за вклучување на организациите на граѓанското општество (НВО) во прелиминарната дискусија за годишниот извештај на Советот, ова на ниво на компетентната комисија во рамките на Собранието. | Дополнување на Член 16 од Деловникот на Судскиот совет.<br>Покана за активно учество на претставници од Здружението на Судскиот совет и НВО на седницата за разгледување и усвојување на Годишниот извештај. | Работна група за подзаконски акти на Судскиот совет | / | Април 2024 | Дополнет деловник |
| 9. Развијте и спроведете план за комуникација кој ќе го истакне значењето на модерната, транспарентна и целна комуникација. | 1. Усвојување на Судска комуникациска стратегија со Акциски план | Судски совет ЕУ проект за поддршка на владеење на правото | Два настани<br>Експерт<br>(Обезбедени средства од ЕУ проект) | Јули 2024 | Усвоена стратегија |
| 10. Судскиот совет да биде позначајно видлив и активен во јавноста за да го промовира своето работење, да ги објаснува прашањата на општата јавност и медиумите и да придонесе кон градење доверба кон Судскиот совет и судството воопшто. | | | | | |
| 11. Истражете ја можноста за делегирање на целата или дел од надворешната комуникација, во зависност од конкретните прашања, на портпаролот. | | | | | |
| 12. Рационализирајте, координирајте и професионализирајте ја надворешната | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| комуникација. Кога поединечните членови комуницираат, е важно да зборуваат со мандатот на Судскиот совет и со еден глас, бидејќи во спротивно постои ризик од поткопување на авторитетот на Советот. | | | | | |
| 13. Направете јасни аранжмани со новинарите, не само кога се одржуваат седници каде што не е соодветно новинарите да интервенираат, туку и во комуникациите по седниците. | Измени на Куќниот ред и споделување со новинари и набљудувачи | Судски совет | / | Март 2024 | Усвоен и споделен Куќен ред |
| 14. Обезбедете обука за медиуми за членовите на Судскиот совет со оглед на нивните контакти со печатот и нивните интервенции за време на јавните седници. | Три обуки | Судски совет<br>Портпарол<br>Академија за судии и јавни обвинители<br>ЕУ проект | Обезбедени средства од ЕУ проект | Јуни 2024 | Одржани 3 обуки |
| 15. Објавувајте повеќе вести и содржини на веб-страницата на Судскиот совет поврзани со неговата работа, исто така размислете за користење на социјални мрежи за промовирање на неговата работа и за бидете поблиску до актуелностите (Twitter, Linkedin). | Делумно исполнета<br>Објавување на правни мислења, резимеа од претставки, анализи за судовите, огласи за судии и претседатели<br>Слики и видеа од седници и состаноци на работни групи и комисии<br>Посети на судови<br>Интерни дневни активности<br>Делегирање на портпаролот да објавува | Судски совет<br>Портпарол<br>Информатичар<br>Работни групи и комисии | Вработување на информатичар и портпарол на неопределено време | Декември 2024 | Значително зголемен број на објави<br>Профили на социјални мрежи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ажурирање и унапредување на веб страницата<br>Објавување на документи како текст а не како слика<br>Креирање на профили на социјални мрежи | | | | |
| **Ресурси и финансии** | | | | | |
| 16. Да се обезбедат доволно средства за да се гарантира финансиската независност на судството. Достапниот буџет е целосно недоволен за да ги покрие сите трошоци на судскиот систем. | Анализа за финансиските потреби на Судскиот совет и сите судови наспроти доделените средства | Судски совет<br>Судско буџетски совет<br>Здружение на судии<br>Врховен суд | Сопствен ангажман или финансиско друштво | Јули 2024 | Презентација на финална анализа |
| 17. Усвојте специфични внатрешни правила на Судскиот совет кои ги регулираат администрацијата и сметководството. | Делумно исполнето<br>Ревизија на постоечки и усвојување на нови процедури<br>Обезбедување на пристап до сите вработени<br>Формирање на работна група од член на Судскиот совет и вработени во Стручната служба | Судски совет<br>Работна група<br>Надворешни фирми за ISO стандардизација | / | Декември 2024 | Ревидирани и усвоени нови процедури<br>Формирана работна група |